Здружение на граѓани
СТЕНА - СТЕНАЕ
Бр. 08-04/23
19.04. 2023 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Примено: / Pranuar: 18.05.2023
Орг. един: / Nj. org: 03 | Број: / Numër: 284/1 | Прилог: / Shtojce: | Вредност: / Vlera:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 09-391/1
09.05 2023 год.
ДЕМИР КАПИЈА

**АППТ –Агенција за Промоција и Подршка на Туризмот на Македонија** | **Стена Стенае** | **Општина Демир Капија**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Помеѓу:**

**- Агенција за Промоција и подршка на Туризмот на С. Македонија –**
Представувана од Љупчо Јаневски – Директор

**- НВО „ Стена Стенае " – Демир Капија**
Представувана од Ристо Стојанов - Претседател

**- Општина Демир Капија**
Представувана од Лазар Петров – Геадоначалник

На основа на постоечката иницијатива и досега реализирани активности и проекти за заедничките цели на дефинираната територија во регионот на општините: Демир Капија,Кавадарци и Гевгелија како **„МакГеопарк",** трите страни, потпишуваат меморандум за соработка, со цел да ја зајакнат меѓусебната соработка и поинтензивно заеднички да делуваат за развој и реализација на проекти од обласата на туризмот.

Заинтересираните страни во своите програми ќе вклучат заеднички активности и проекти за позитивна интеракција помеѓу туристичката индустрија, локалните заедници – општините, невладиниот сектор за одржлив развој и зголемување на општествените и економските придобивки за локалните заедници на дефинираната територија како „ МакГеопарк ", со минимизирање на негативните влијанија и подршка на локалните заедница за вклучување во туристичкиот и економски развој.

Сите партнери ќе се залагаат да создадаваат услови за поинтензивен развој на културен , рурален и природен туризам, кој ги промовира руралните и урбаните средини со голема почит кон природното богатство и културното наслество .

Архивски знак. ______
Рок на чување. ______
______ 20 ___ год.
Потпис.

Општината , невладината организација и Националната Агенција ќе иницираат проекти , настани и промоции кои ќе овозможат развој на услови за доформување,аплицирање и прогласување на **„МакГеопарк“** како дел од светската мрежа **„UNESCO Global Geopark Network** .

Координатор на процесите е творецот на идејата и креатор на проектот: *Игор Ристовски* со подршка од постоечкиот *„Борд“* на активни учесници во проектот од повеќе организации и афирмирани поединци. А главен носител на иницијативите и идните активности е невладиното здружение *„Стена Стенае“*.

*Агенцијата за Промоција и Подршка на Туризмот* - како државна институција ќе соработува и ќе ја подржува иницијативата со промовирање и афирмирање на проектните активности и резултати. *Општината Демир Капија* регионално ќе делувва и учествува во реализација на проектните цели и активности

Сите учесници се обврзуваат да ја зголемат соработката според своите капацитети, човечки ресурси и материјални можности и взаемно да соработуваат и да ја зајакнат меѓусебната комуникација преку ИТ технологијата и низ заеднички средби и состаноци како и да ги документираат, дисеминираат и афирмираат резултатите од заедничките активности.

Агенција за Промоција и Подршка<br>на Туризмот на С.Македонија<br>Директор - **Љупчо Јаневски** ------------------------------------------

НВО - Стена Стенае<br>Претседател - **Ристо Стојанов** ------------------------------------------

Општина Демир Капија<br>Градоначалник - **Лазар Петров** ------------------------------------------

03.05.2023 – Скопје